# ШТО Е ЛНОБ СОЦИЈАЛНО МАПИРАЊЕ И КРЕИРАЕЊЕ ПОЛИТИКИ ЗАСНОВАНО НА ДОКАЗИ?

**Принципот „Не оставај никого зад себе“ (ЛНОБ)** е централно, трансформативно ветување на Агендата на ОН 2030, чија цел е да се осигура дека никој не е изоставен во потрагата по одржлив развој. Таа бара од локалните самоуправи да посветат посебно внимание на потребите на најзагрозените и најмаргинализираните групи и да развијат насочени интервенции за справување со нивните специфични потреби и предизвици. Економиите од регионот на Југоисточна Европа (ЈИЕ) се обврзаа да ги имплементираат Целите за одржлив развој (ЦОР) на Обединетите Нации, додека локалните самоуправи ја презедоа заложбата за постигнување на Агенда 2030 година, од поставување на цели и подцели, до утврдување на средствата за имплементација и користење на индикатори за мерење и следење на напредокот на локално ниво. Локализацијата на Агенда 2030, исто така, ги поставува приоритетите, потребите и ресурсите на индивидуите во центарот на одржливиот развој. Постигнувањето на ЦОР зависи, повеќе од кога било, од способноста на локалните и регионалните власти да промовираат интегриран, инклузивен и одржлив територијален развој.

Развојните цели може да се постигнат само доколку локалните креатори на политики и засегнатите страни целосно учествуваат во поставувањето, спроведувањето и мониторинг на Агендата. Учеството бара јавните политики да не се наметнуваат одозгора, туку процесот на креирање на политиките да биде споделен. Сите релевантни чинители мора да бидат вклучени во процесот на донесување одлуки, преку консултативни и партиципативни механизми.

**ЛНОБ социјалното мапирање** е метод што го користат социјалните работници и професионалците од локалната самоуправа за **собирање податоци** за потребите на ранливите групи и **идентификување на достапноста на социо-економските ресурси во заедницата** (на пр. училишта, социјални услуги, јавни простори, патишта итн.). Со споредување на знаењето стекнато од овие две перспективи, професионалците од локалната самоуправа ќе можат да ги идентификуваат недостатоците и да предложат соодветни решенија. Тоа претставува ефикасен начин на кој властите ќе можат да пристапат до детални и конзистентни податоци за одредени групи граѓани кои би можеле да бидат изложени на ризик или обесправени во општеството. Резултатот од ЛНОБ социјалното мапирање се однесува на интегрирање на ЛНОБ принципот во процесите на одлучување и планирање на локално ниво. Дополнително, социјалното мапирање е релевантен извор кој треба да се користи при развивање или подобрување на локалните политики и услуги во областа на социјалната заштита.

# КАКО ЌЕ ВИ ПОМОГНЕ ОВОЈ ОНЛАЈН КУРС?

Општата цел на овој курс е да им обезбеди знаење на професионалците од локалната самоуправа за координација на процесот на планирање, развој и спроведување на ЛНОБ социјално мапирање. Курсот исто така обезбедува знаења за усогласување на наодите и препораките од социјалното мапирање со локалните документи, проследено со донесување одлуки базирани на докази.
Дополнително, на локалните практичари, експерти и истражувачи курсот им овозможува методолошки чекори, инструменти за истражување, шаблони и упатства за спроведување на ЛНОБ социјално мапирање и подготовка на извештаи.

# ЦЕЛИ НА КУРСОТ

До крајот на курсот, ќе можете да го разберете процесот на креирање политики базирани на докази со користење на податоците добиени од ЛНОБ социјалното мапирање.
Специфичните цели на курсот се зголемено знаење за:

- Концептите на различност, социјална инклузија, родова еднаквост, запознавање со Агендата 2030 и ЦОР;
- Значењето на ЛНОБ принципот и социјалното мапирање, како клучни во планирањето и постигнувањето инклузивни локални политики;

- Концептот на социјално мапирање, неговата важност во вклучувањето на обесправените групи во локалните одлуки и креирањето политики;
- Разликување и објаснување различни алатки и техники за социјално мапирање, идентификување на ранливи групи, земање примероци за истражување и идентификување на засегнатите страни;
- Развивање на концепт и акционен план за социјално мапирање (заедно со локална ГО или консултантска компанија ангажирана за спроведување на социјалното мапирање);
- Разбирање на структурата на извештаите за социјално мапирање, како и интерпретацијата и визуелизацијата на собраните податоци од социјалното мапирање;
- Преточување на наодите од социјалното мапирање во локални препораки за политики засновани на докази во согласност со ЦОР.

## ЦЕЛНИ ПУБЛИКИ

Курсот е дизајниран за професионалци од администрацијата на локалната самоуправа, одговорни за прашањата за социјална заштита и носители на одлуки на локално ниво.

Курсот е дизајниран и за локални експертски субјекти кои работат со социјални истражувања и анализи (граѓански организации, консултантски компании и експерти) кои би можеле да обезбедат поддршка на професионалците од локалната самоуправа во спроведувањето на ЛНОБ социјалното мапирање и креирањето политики.

## СТРУКТУРА НА КУРСОТ

Овој курс се состои од четири модули:

Модул 1: Вовед во клучните концепти: Управување со различности, родова еднаквост, социјално вклучување, инклузивни политики, Агенда 2030 и ЦОР, принципот „Не оставај никого зад себе (ЛНОБ)“ и социјално мапирање
Модул 2: Методологија на ЛНОБ социјално мапирање
Модул 3: Развој на извештаи од социјално мапирање и
Модул 4: Донесување одлуки засновани на докази

## МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ

Овој курс е воден од фасилитатор и нуди онлајн методологија и алатки за учење, вклучувајќи читање, примери на добри практики, шаблони на алатки за истражување, видеа, дискусии и задачи. Овие интерактивни алатки ќе ви овозможат да ги споделите вашите ставови, да разговарате со фасилитаторот и другите учесници и да добивате повратни информации. Интерактивни форуми, онлајн дискусии и размена на идеи и размислувања ќе ве поттикнат да воспоставите постојана мрежа на практичари кои работат во локалната самоуправа за социјална заштита.
Методот на учење опфаќа поддршка од искусен фасилитатор за времетраењето на курсот преку обезбедување повратни информации во рамките на задачите и заедничките дискусии.

## ЕВАЛУАЦИЈА НА ЗНАЕЊЕТО И СЕРТИФИКАТ ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА КУРСОТ

За да добиете сертификат за завршување на курсот, треба да ја прочитате целата содржина, активно да придонесете на форумот за дискусија и настанот за онлајн размена, да одговорите на конкретни задачи и да ги завршите квизовите. Секоја од овие задачи се бодува со најмногу 100 поени, додека прагот за успешно завршување на курсот е 70 поени.

Овој курс е развиен во рамките на проектот „Регионална соработка за подобра социјална вклученост на локално ниво“ имплементиран од НАЛАС во соработка со ГИЗ во име на Федералното Министерство за економска соработка и развој (БМЗ)

## ЈАЗИК

Овој курс е достапен на македонски и албански јазик.

## ИСПОРАКА НА КУРСОТ

Курсот ќе се одржи од 29 мај до 23 јуни 2023 година, во соработка со ЗЕЛС и НАЛАС. За да изразите интерес за курсот, ве молиме контактирајте го ЗЕЛС на blagorodna.shopova@zels.org.mk

## ОВОЈ КУРС Е ДЕЛ ОД НАЛАС е-Академијата

НАЛАС е-Академијата е онлајн платформа која овозможува проширување на релевантно регионално знаење до секој вработен во општините во ЈИЕ, истовремено нудејќи можности за интересно, креативно, чекор-по-чекор учење. НАЛАС е-Академијата обезбедува извонредно знаење за професионалците од локалната самоуправа во областите релевантни за нивната работа. Искористувајќи ги предностите на новите технологии, НАЛАС е-академијата обезбедува искуствено учење кое е достапно, иновативно и фокусирано на практиката.

## ОЛЕСНУВАЧ НА КУРСОТ



Г-дин Кристијан Трајковски е магистер по политички науки. Тој има долгогодишно искуство во собирање, обработка и анализа на податоци (користење на SPSS, Stata, Excel, итн.) и координање на истражувања, вклучително и социјално мапирање во неколку општини во регионот. Кристијан поседува знаење од областа на јавната политика, односите со јавноста, маркетинг и имплементацијата на истражувачки методологии, користејќи и развивајќи квантитативни и квалитативни алатки за собирање податоци.

Овој курс е развиен во рамките на проектот „Регионална соработка за подобра социјална вклученост на локално ниво“ имплементиран од НАЛАС во соработка со ГИЗ во име на Федералното Министерство за економска соработка и развој (БМЗ)